# ПРАВИЛА И ПРИНЦИПИ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО КЛИРИНШКАТА КУЌА КИБС АД СКОПЈЕ

Клириншката куќа, КИБС АД Скопје (КИБС) во улога на контролор и обработувач на лични податоци обезбедува тајност и заштита на личните податоци во збирките на лични податоци, во сервисите на КИБС, за вработените и за физичките лица. Личните податоци добиени по било кој основ, се предмет на целосна или делумна автоматизирана обработка.

- КИБС ги обработува личните податоци согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти кои ја регулираат заштитата на личните податоци, Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на лични податоци во КИБС и Политиката за сигурност на информативниот систем на КИБС.
- КИБС презема мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци со примена на технички и организациски мерки со која се обезбедува:

  **доверливост** - заштита на информациите од неовластено откривање и пристап;

  **интегритет** - обезбедување на точност и целосност на информациите и методите на процесирање;

  **расположливост** - обезбедување на пристап до информациите и информативните системи на овластените корисници кога е потребно.
- Личните податоци во КИБС се собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели.
- Обработка на лични податоци во КИБС е врз основа на закон или дадена согласност на субјектот на личните податоци.
- При обработката на личните податоци, КИБС се грижи единствениот матичен број на граѓанинот да не биде непотребно видлив, печатен или преземен од збирка на лични податоци.
- Носителот на личните податоци, согласно законските прописи, има право на увид и исправка на личните податоците што се обработуваат во сервисите на КИБС.
- КИБС обезбедува точност, целосност и ажурност на личните податоци кои се обработуваат и ќе ги избрише, односно коригира неточните и неажурни податоци во согласност со целите за кои се обработуваат.
- КИБС ќе ги даде личните податоци на користење, во рамките на со закон утврдени надлежности.